# ИЗЈАВА ЗА ПРИВАТНОСТ

МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје ( бул. Партизански Одреди 14 1/1 локал 1, Бизнис Центар Аура, 1000 Скопје, Северна Македонија) собира и обработува лични податоци во рамки на учеството на Benefit Program, за да се пресметаат соодветните Benefits, личните податоци на членовите, име и презиме, титула, пол, датум на раѓање, e-mail адреса, поштенска адреса, координати на адресата (степен на географска должина и ширина), телефонски број (броеви), факс, ID на член,банкарски податоци (банка, IBAN, BIC, сопственик на сметката) како и податоците за Вашите купувања и направени зделки (датум на купување, место, време, сума, валута, кошничка, оддел, тип на купување (онлајн, офлајн, кај мали и средни претпријатија, кај Key Account, со myWorld Card)). При обработка на наведените податоци МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје може дополнително да се користи кај myWorld 360 AG (Грацбахгасе 87-93, 8010 Грац, Австрија) и Lyoness Europe AG (Банхофштрасе 22, 9470 Букс, Швајцарија), Lyconet Austria GmbH (Kolingasse 12/8, 1090 Виена Австрија) и Lyconet Global AG (Tödistrasse 48, 8002 Цирих, Швајцарија) како даватели на услуги.

Со ова, членот се согласува и истото може во секое време да го повлече, личните податоци да бидат обработени од МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и/или myWorld 360 AG за идентификување и испраќање на персонализирани информации на членот, како и за поштенски или личен контакт преку МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и/или myWorld 360 AG за рекламирање на Benefit Program и од понудите на партнерските компании и на myWorld.

Со ова, членот се согласува и истото може во секое време да го повлече, да му ги даде на располагање следните податоци на давателот на препорака за информативно контактирање во однос на нови партнерски компании, нови шопинг-можности или специјални понуди: ИБ на член, име и презиме, како и e-mail адреса и телефонски број.

Со ова, членот се согласува и истото може во секое време да го повлече, МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје да му ги даде на давателот на препорака на членот, како и на неговиот давател на препорака (понатаму „индиректен давател на препорака“) следните податоци за следењето на активностите при купување на членот за целите на пресметка: датум на купувањето, време, име и презиме, износ на обемот на купување, валута. На индиректниот давател на препорака, наместо целосното име и презиме на членот, му се прикажуваат само името и првата буква од презимето.

Членот може во секое време во иднина писмено да ја повлече согласноста за оваа обработка на податоци (на МАЈВОРЛД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје (бул. Партизански Одреди 14 1/1 локал 1, Бизнис Центар Аура, 1000 Скопје, Северна Македонија)) или по e-mail на service.mk@myworld.com. Правата за заштита на правото на информации, промени и бришење можат исто така да станат важечки со овие контактни податоци.